10th International Conference "Ohrid- Vodici 2022"

# "Global trends and threats related with identities, cultural heritage, environment, creative communities, tourism and sustainable local/regional development"

- Conference Proceedings -



10-та Меѓународна конференција „Охрид- Водици 2022"

# „Глобалните трендови и закани поврзани со идентитетите, културното наследство, животната средина, креативните заедници, туризмот и одржливиот локален/регионален развој"

- Зборник на трудови -

**10-та Меѓународна конференција**
**„Охрид-Водици 2022“**

# ГЛОБАЛНИТЕ ТРЕНДОВИ И ЗАКАНИ ПОВРЗАНИ СО ИДЕНТИТЕТЕТИТЕ, КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КРЕАТИВНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ТУРИЗМОТ И ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН/РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**-Зборник на трудови-**

Уредник

**Рубин Земон**

Охрид, 18-19 јануари 2022

**Conference Proceedings 10th International Conference "Ohrid – Vodici" 2022**

---

**Publishers:**
Center for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia

**Editor:** Rubin Zemon Ph.D.

**Computer preparation and printing:** Igor Panev M.Sc.

**Photo on the book cover:** Mammad Rahimov

**Print:** Iris print DOOEL - Struga

**Place of publication:** Skopje, 2023

**Copies printed:** 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

МЕЃУНАРОДНА конференција "Охрид-Водици" (10 ; 2022 ; Охрид)

Глобалните трендови и закани поврзани со идентитетите, културното наследство, животната средина, креативните заедници, туризмот и одржливиот локален/регионален развој: зборник на трудови / 10-та Меѓународна конференција "Охрид-Водици 2022", Охрид, 18-19 јануари 2021 ; уредник Рубин Земон. - Скопје : Center for advanced researches, 2022. - 312 стр.: илустр. ; 25 см

На стр. 3: Global trends and threats related with identities, cultural heritage, environment, creative communities, tourism and sustainable local/regional development/ 10h International Conference "Ohrid-Vodici, 2022", Ohrid, 18-19 January, 2022 ; editor Rubin Zemon. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-66817-1-5

а) Културно наследство - Собири б) Животна средина --
-- Собири в) Туризам -- Собири

COBISS.MK-ID 56084741

**10th International Conference**
**"Ohrid-Vodici, 2022"**

# GLOBAL TRENDS AND THREATS RELATED WITH IDENTITIES, CULTURAL HERITAGE, ENVIRONMENT, CREATIVE COMMUNITIES, TOURISM AND SUSTAINABLE LOCAL/REGIONAL DEVELOPMENT

**-Conference Proceedings-**

Editor

**Rubin Zemon**

Ohrid, 18-19 January, 2022

## THE CONFERENCE PROGRAMME COMMITTEE

**Rubin Zemon, Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia
**Fariz Khalili, Ph.D.** MIRAS Social Organization in Support of Studying of Cultural Heritage, Baku, Azerbaijan
**Andrey Gorokhov, Ph.D.** Editor-in-Chief, Russian Political Science), Moscow, Russian Federation
**Ahmet Aytac, Ph.D.** Aydin Adnan Menderes University, Izmir, Turkey
**Georgi Nikolov, Ph.D**, University of National and World Economy, Sofia, Bulgaria,
**Tatjana Dragicevic – Radicevic Ph.D.,** University Business Academy, Novi Sad, Serbia
**Kubilay Akman, Ph.D.,** Usak University, Turkey
**Luigi Santacroce, Ph.D**. Aldo Moro University, Bari, Italy
**Liljana Poposka Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia
**Meli Shopi, Ph.D.** University of Elbasan, Elbasan, Albania
**Dejan Metodijeski, Ph.D.** University Goce Delchev, Stip, Skopje, North Macedonia
**Marijana Secibovic, Ph.D.** VSTIM College, Konjic, Bosnia and Hercegowina
**Jasminka Simic, Ph.D**. Editor- in – chief, Radio-Television of Serbia, Belgrade, Serbia
**Nadzyea Cherepan, Ph.D.** European Humanities University, Vilnius, Lithuania
**Zoran R. Vitorovic, DID Ph.D**, Editor-in-Chief, Global Processes Journal, Miami, USA
**Temelko Ristevski, Ph.D.,**Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia
**Gjorgji Tonovski Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia
**Emil Gjorgov Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia

## ORGANIZING COMMITTEE OF THE CONFERENCE

Aleksandar Manasieski, Ph.D.
Ljupco Janevski Ph.D.
Simona Madzevic, M.A.
Verica Dzijanovska
Marina Vrvcoska M.A.

.

# Contents

**Preface 9**

Salvatore Costanza
**Minority identity and cultural tourism as enhancement of cultural diversity: South Italian Greek minorities as a case study 11**

Milica Jokovic Pantelic
**Identity and Statehood 21**

Rubin Zemon
**Contemporary challenges of identities, multicultural societies and interculturalism 30**

Jasminka Simić
**Glasgow climate conference: a new contribution to the world nature protection 44**

Liljana Popovska
**COP26 in Glasgow between Succes and Failure: Scientists, Politicians, and Industry with different priorities and influence 56**

Desislava Botseva, Elka Vasileva, Georgi Tsolov
**Municipal integrated development plan - sustainable development and crisis prevention strategic instrument 63**

Иванка Василевска, Ардијана Стафаи
**Предизвиците за Западен Балкан: од бегалската криза во 2015 година до справување со пандемијата „Ковид 19“ 76**

Ѓорѓи Тоновски
**Политиката култура во разбрануваното македонско општество (аспекти) 87**

Емилија Ицоска
**Отворен Балкан 97**

Fariz Khalilli
**Azerbaijani Sufi khanqahs on historical Silk Road 105**

Rozmeri Basic
**Neglecting Past by Forging the Future 110**

Јасминка Ристовска Пиличкова
**Ромбовидните мотиви асоцијација на кружни форми во традиционалната култура на Словенските народи 127**

Habiba Aliyeva
**Our epigraphic monuments that became victims of Armenian vandalism in Karabakh 143**

Shabnam Aliyeva
**Shusha and it's around archaeology 149**

Valbona Muça
**Evaluation of social services for children with disabilities and their families in the district of Elbasan 153**

Elvira Lumi, Lediona Lumi
**From conceptual literature to visual media 166**

Meleq Shopi, Denis Himci, Heldi Kodra
**Elbasan, the place of cultural heritage through the press of the time 169**

Nuredin Çeçi
**Democrasy and education in the country today 173**

Veselina Lyubomirova, Georgi Nikolov, Nikola Tanakov
**Smart Tourism in the City Strategy – Future Initiatives for Human-Centered Approach 187**

Љупчо Јаневски, Климент Наумов
**Еко-туризмот во Република Северна Македонија – можности и перспективи 195**

Filip Điđić
**Nautical tourism and urban sprawl in croatia - heritage under pressure 208**

Dejan Metodijeski, Oliver Filiposki, Emilija Todorovic, Tosho Cocoroski
**Regional strategies for tourism development in North Macedonia 219**

Temelko Risteski, Sejdefa Dzhafche
**Social and political principles of taxation 233**

Aleksandar Manasievski, Kristijan Manasievski
**Security and Cultural Heritage in North Macedonia 244**

Иван Котев
**Младите и мудроста во македонската народна приказна 257**

Emina Rustemoska
**Cultural sustainability in function of local development in UNESCO region in North Macedonia 264**

Gunal Asgarova, Samira Mammadova
**Poetry stars of azerbaijani emigrant literature 269**

Ahmet AYTAÇ
**Some records of Skopje hand weaving in the Ottoman archives of the Presidential 274**

Nada Pesheva
**Creative industries and creative economy: possibilities for development of the local communities 280**

Lendrit Qeli
**Constitutional rights of non-majority communities in Republic of Kosovo and comparation with neighboring countries 294**

# Preface

By Rubin Zemon Ph.D., chairman of the Program Committee of the 10th International Conference „Ohrid- Vodici 2022"

This is a 10th Conferece Proceedings, that we are publishimg as an output of the annual international conference, that in 2013 started as Conference on Cultural Heritage, Tourism and Media, before the holly Christian holiday "Vodici" (Baptism), which in a city of Ohrid is a cultural and touristic attraction.

This 10th Conference was devoted to the "Global trends and threats related with identities, cultural heritage, environment, creative communities, tourism and sustainable local/regional development ".

A famous British and sociologist Anthony Giddens says "We are the first generation to live in global society, whose contours we can as yet only dimly see. It is shaking up our existing ways of life, no matter where we happen to be. This is…. emerging in an anarchic, haphazard, fashion… it is not settled or secure, but fraught with anxieties, as well as scarred by deep divisions. Many of us feel in the grip of forces over which we have no control"

Over the last few decades, human activities, such as human-caused climate change and other human impacts on ecosystems, have transformed the Earth's natural systems, exceeding their capacity and disrupting their self-regulatory mechanisms, with irreversible consequences for global humanity. Humanity has already been seriously affected by ongoing systemic ecological changes, such as climate change and land use change (especially deforestation).

The COVID crisis has made it even more obvious how unsustainable our way of life is. We think and talk about scenarios, we organize and plan for change, but it is difficult to set ambitious and achievable goals at the same time. All this requires innovative, creative and continuous collaboration, and only if this collaboration is itself sustainable can we become truly resilient.

Over the past few years, a remarkable increase has occurred in the use of visual and digital techniques for the research, documentation, management, presentation and communication of cultural heritage. Printed, video and audio media, as well as "New Media" got a role of a main measures for preserving and affirming of cultural heritage, but and as a main tools for promoting of cultural heritage values as touristic products. This has drastically transformed the way we capture, store, process, represent and disseminate information.

With that aim, we hope that this International conference will give a small contribution on those achievements.

**Dejan Metodijeski Ph.D., Oliver Filiposki** Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev, Stip,
**Emilija Todorovic**, SUGS “Lazar Tanev”, Skopje,
**Tosho Cocoroski Ph.D.** , Hotel Sileks - Ohrid

# REGIONAL STRATEGIES FOR TOURISM DEVELOPMENT IN NORTH MACEDONIA

**Abstract:** The subject of this paper is the regional development of tourism that will be discussed through the distribution of tourism and regional development programs in North Macedonia. Regional tourism development will be presented through tables that cover basic regional data for the eight statistical regions, regional development programs, tourist arrivals and overnight stays. Through the analysis, the differences in the regional tourism development in the regions of North Macedonia will be identified. For the purpose of the paper, a research methodology and secondary data sources have been used by consulting relevant literature and statistics related to tourism and regional development programs. The paper concluding remarks refer to the structure, past issues and future challenges of regional tourism development in North Macedonia.

**Key words:** Tourism, development programs, regions, North Macedonia.

## ВОВЕД

Туризмот е еден од најголемите и најбрзорастечки сектори во светската економија кој игра значајна улога во креирањето работни места и остварувањето економски бенефит за дестинациите кои се посетуваат од страна на туристите. Туризмот е сектор со позитивни ефекти врз регионалниот развој, а развојот на туризмот во руралните или неразвиените области во однос на урбаните центри, може да помогне да се елиминираили намали економската нерамнотежа на регионално нив.[1] Покрај економските аспекти, туризмот укажува влијание и на останатите аспекти на локалната заедница како културни, социјални и др.[2] Иако важноста на туризмот за регионалниот развој е препознаена одстрана на академската јавност и креаторите на политиките неколку децении наназад,[3] сепак во релевантната научна и стручна литература од областа

1 Boz, A., Serçek, S. (2016) The Role of Tourism in Regional Development and Its Effects on Economic Development. Proceedings Book of International Turgut Özal Congress on Business Economics and Political Science, pp. 41-47.

2 Giaoutzi, M., Nijkamp, P. (2006) Tourism and Regional Development: New Pathways. Surrey: Ashgate Publishing.

3 Pearce, D. (1980) Tourism and regional development: A genetic approach. Annals of Tourism Research, 7(1), pp. 69-82.

на туризмот се забележува празнина од соодветни модели на регионален развој на туризмот.[4]

Целта на овој труд е да се изврши истражување поврзано со регионалните стратегии за развој на туризмот и регионална дистрибуцијата на туризмот во Северна Македонија. За потребите на трудот беше направено експлораторно (квалитативно) истражување, кое допринесе за добивање увид во суштината на проблемот со цел подобро да се разбере регионалната политика за развој на туризмот во земјата. Дел од истражувањето се состои во собирање на соодветна и релевантна литература и користење на секундарни извори на податоци како годишници од заводот за статистика и програмите за развој на регионите во Северна Македонија и нивна анализа во делот на планирање на туризмот.

## РЕГИОНИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За потребите на истражувањето, во овој труд земени се предвид статистичките региони на планирање, а не туристичките региони во земјата. Туристичките региони се разликуваат од статистичките, а во Северна Македонија тие се 10.[5] Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС - NUTS), како основа за прибирање, обработка и публикување на регионална статистика, е воспоставена од страна на Еуростат (статистички уред на Европската комисија), во соработка со националните статистички институти на земјите-членки. Основна цел на класификацијата НТЕС е да обезбеди единствена и унифицирана поделба на територијалните единици на регионално ниво. Продуцирањето (обезбедувањето) на усогласени и споредливи статистички податоци за пазарот на трудот, земјоделството, демографијата, образованието, економијата, и др., на ниво на региони, претставува основа за планирање и развој на регионалната политика во Европската Унија (ЕУ).[6] Во таа насока е донесен и Закон за развој на истите во Северна Македонија[7], како и стратешки планови за регионален развој во периодот 2009-2019[8] и 2021-2031[9] година.Стратегијата за регионален развој 2021-2031 е усогласена со

4 Calvero, C., Turner, L. (2020) Regional economic development and tourism: A literature review to highlight future directions for regional tourism research. Tourism Economics, 26(1), pp. 3-26.

5 МЖСПП (2004) Просторен план на Република Македонија – Стратегија за просторен развој. Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

6 ДЗС (2020) Регионите во Северна Македонија. Скопје: Државен завод за статистика.

7 СВРМ (2007) Закон за рамномерен регионален развој. Службен весник, бр. 63.

8 СВРМ (2009) Стратегија за регионален развој на Македонија 2009-2019. Службен весник, бр. 119.

9 СВРМ (2021) Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031. Службен весник, бр. 76.

основните стратешкицели на Регионалната политика на ЕУ (именувана и како политика за кохезија) како клучна инвестициска политика на ЕУ за одржлив и инклузивен економски раст. Оваа политика на ЕУ поконкретно цели кон намалување на економските, социјалните и територијалните диспаритети помеѓу регионите на ЕУ низ поддршка за создавање работни места,конкурентност, економски раст, подобрен квалитет на животот и одржлив развој.Спроведувањето на Регионалната политика на ЕУ е финансиски поддржано прекуевропските структурни и инвестициски фондови, но и низа други инструменти вклучувајќиго и клучниот инструмент за претпристапна помош (ИПА) на државите кои се кандидатиза зачленување во ЕУ, меѓу кои и Република Северна Македонија. Притоа треба да сенапомене дека искористувањето на алоцираните ИПА средства има за цел да помогне прекупроцесот на пристапување да се изградат соодветни капацитети и да се воспоставинормативна и институционална рамка, како и рамка за програмирање меѓу останатото и нарегионалниот развој, со утврдени пристапи и процедури кои ќе овозможат непречено иефикасно користење на повеќекратно зголемени средства од европските структурни инвестициски фондови по зачленувањето.

Во Северна Македонија постојат осум статистички региони. Номенклатурата на територијалните единици за статистика - НТЕС по последните измени се состои од 5 нивоа: НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2 е целата територија на Северна Македонија како административна единица, НТЕС ниво 3 се состои од 8 неадминистративни единици - статистички региони кои се настанати со групирање на општините како административни единици од понизок ред, НТЕС ниво 4 се состои од 80 општини како административни единици и НТЕС ниво 5 се состои од 1 767 населени места.

Осумте региони во Северна Македонија се следните: Вардарски, Источен, Североисточен, Пелагониски, Североисточен, Југозападен, Полошки и Скопски. На табелата 1, се презентирани основните статистички показатели за регионите во Северна Македонија.[10]

**Табела 1.** Основни статистички показатели за регионите во Северна Македонија за 2019

| **Регион** | **Земјоделска површина (хектари)** | **Просечна нето плата (во ден.)** | **Население** | **Стапка на невработеност (%)** | **Активни деловни субјекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски регион | 163 372 | 21 052 | 151 755 | 10.8 | 5 595 |
| Југозападен регион | 132 400 | 22 298 | 219 379 | 24.4 | 7 520 |
| Источен регион | 188 478 | 20 617 | 174 341 | 7.8 | 5 799 |
| Југоисточен регион | 124 017 | 20 358 | 173 076 | 6.3 | 6 233 |

10 ДЗС (2020) Регионите во Северна Македонија. Скопје: Државен завод за статистика.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пелагониски регион | 263 978 | 23 675 | 227 378 | 13.1 | 8 327 |
| Полошки регион | 169 660 | 23 528 | 322 605 | 28.5 | 8 614 |
| Североисточен регион | 143 157 | 19 761 | 176 086 | 33 | 4 174 |
| Скопски регион | 80 946 | 28 872 | 632 074 | 14.7 | 29 652 |
| Вкупно | 1 266 008 | 25 213 | 2 076 694 | 17.3 | 75 914 |

**Извор:**ДЗС (2020) Регионите во Северна Македонија. Скопје: Државен завод за статистика.

Во текстот подолу е даден краток опис на основните карактеристики на регионите.[11]

**Вардарскиот регион** се простира во централниот дел на Северна Македонија и го опфаќа средното сливно подрачје на река Вардар, како и долните теченија на притоките Брегалница, Црна Река и крајниот западен дел од Овче Поле. Опфаќа 7.4% од вкупното население и 16.2% од територијата на Северна Македонија (територијата на Северна Македонија е 25.713 км²). Регионот ги опфаќа басените на големите котлини Велешка и Тиквешка, кои се „винарски рај“ за уживателите на грозјето и виното. Административно територијата на регионот е распоредена на девет општини (Чашка, Кавадарци, Росоман, Неготино, Градско, Велес, Лозово, Демир Капија и Свети Николе) во кои има 215 населени места, од нив 5 се урбани (Велес, Неготино, Кавадарци, Демир Капија и Свети Николе) и 210 рурални населби. Административен центар на регионот е Велес со 45.000 жители.

**Слика 1.** Региони во Северна Македонија




11 Димитров, Н., Ташков, Н., Методијески, Д. (2015) Водич низ регионите на Македонија. Скопје: Државна агенција за поддршка и промоција на туризмот.

**Југозападниот регион** ги опфаќа басените на Охридско – струшката Котлина со Охридското Езеро, Кичевската и Дебарската Котлина и Областа Поречие, со сливните подрачја на реките Треска и дел од Црн Дрим. Во овој регион влегуваат 9 општини (Охрид, Дебарца, Струга, Вевчани, Центар Жупа, Дебар, Кичево, Пласница и Македонски Брод), со 286 населени места, од кои 281 се рурални и 5 урбани населби (Охрид, Струга, Кичево, Дебар и Македонски Брод). Административен центар на регионот е Охрид со 42.000 жители. Во регионот живее 10.6% од вкупното население во Северна Македонија, а се простира на 13.4% од вкупната површина.

**Источниот регион** ги опфаќа басенот на река Брегалница со областите Малешевија, Пијанец, Кочанско Поле, Слан Дол, и претставува котлински, речен и планински предел. Во овој регион влегуваат 11 општини (Штип, Карбинци, Чешиново – Облешево, Пробиштип, Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пробиштип и Берово) со 217 населени места, од кои 209 се рурални и 8 урбани населби (Штип, Кочани, Виница, Пробиштип, Македонска Каменица, Делчево, Пробиштип и Берово). Административен центар е Штип со 47.000 жители. Регионот зафаќа 14.2% од вкупната територија на Северна Македонија со 8.5% од вкупниот број на население.

**Југоисточниот регион** го опфаќа басенот на Струмичко - Радовишката и Гевгелиско - Валандовската котлина, односно сливното подрачје на Струмичка река и долното сливно подрачје на реката Вардар. Форми на туризам кои се практикуваат во овој регион се: езерски, бањски, планински, селски, транзитен, индустрија на игри на среќа – казино туризам и разни други видови алтернативен туризам. Во овој регион влегуваат 10 општини (Струмица, Радовиш, Конче, Ново Село, Василево, Босилово, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија) со 188 населени места, од кои 183 се рурални и 5 урбани населби (Струмица, Радовиш, Гевгелија, Валандово и Богданци). Административен центар е Струмица со 35.000 жители.Во регионот живеат 8.4% од вкупното население во Северна Македонија, а се простира на 10.9% од вкупната површина на земјата.

**Пелагонискиот регион** ги опфаќа басените на Пелагониската и Преспанската котлина. Во овој регион влегуваат 9 општини (Битола, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Прилеп, Ресен, Новаци и Долнени) со 343 населени места, од кои 338 се рурални и 5 урбани населби (Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар). Административен центар на регионот е Битола.Овој регион е најголем и опфаќа 18.9% од површината на Северна Македонија, но е еден од најретко населените региони, со густина на населеност од 48.8 жители на км2. Во него живеат 11.1% од вкупното население на земјата.

**Полошкиот регион** ја опфаќа Полошката котлина, Мавровската висорамнина, планинскиот масив Бистра и долината на реката Радика. Во овој регион влегуваат 9 општини (Тетово, Теарце, Јегуновце, Желино, Боговиње, Гостивар, Брвеница, Врапчиште и Маврово и Ростуша) со 184 населени места, од кои 182 се рурални и 2 урбани населби (Тетово

и Гостивар). Административен центар на регионот е Тетово со 53.000 жители.Регионот се простира на 9.7% од вкупната површина на државата. Карактеристично е што во овој регион живее 15.5% од вкупното население.

**Североисточниот регион** ги опфаќа општините на крајниот североисточен дел на Северна Македонија, вдолж границата со Република Србија, односно сливното подрачје на реката Пчиња и Крива Река. Во овој регион влегуваат 6 општини (Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Кратово и Крива Паланка) со 192 населени места, од кои 189 се рурални и 3 урбани населби (Куманово, Крива Паланка и Кратово). Административен центар на регионот е Куманово со 76.000 жители. Регионот е еден од најмалите по површина, зафаќа 9.3% од вкупната површина на Северна Македонија, со население кое изнесува 8.5% од вкупниот број жители.

**Скопскиот регион** го опфаќа басенот на Скопската котлина и претставува главниот културен, политички, економски и образовен центар во Северна Македонија. Урбаниот простор на главниот град Скопје го сочинуваат десет општини: Центар, Карпош, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај, и Шуто Оризари. Останатите седум општини го зафаќаат останатиот простор на Скопската Котлина, а тоа се општините Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден, Арачиново и Општина Чучер Сандево. Овој регион изобилува со природни и културно – историски објекти: Археолошкиот локалитет Скупи, тврдината Кале, Аквадуктот, старата градска чаршија, бројни цркви и манастири и др. Во регионот успешно се развива урбан, бањски, транзитен и алтернативен туризам. Овој регион е најмал по површина и зафаќа само 7.3% од вкупната територија на земјата, но, тој е најнаселен со 30% од вкупното население и истовремено е и најгусто населениот регион со 343.5 жители на км2.

## ЗАСТАПЕНОСТ НА ТУРИЗМОТ ВО ПРОГРАМИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНИТЕ

Во Северна Македонија, појдовната точка на планирањето на регионалниот развој се содржи во Законот за рамномерен регионален развој и Стратегијата за регионален развој. Осумте региони во Северна Македонија имаат изработени програми за целокупен развој со акциони планови кои содржат цели, мерки и активности. Сите региони имаат определено свои визии и мисии на развој. Програмите за развој се направени од страна на сите заинтересирани страни од регионот (владин, приватен и невладин сектор), преку работилници, дискусии, истражувања, SWOT и PEST анализисогласно законски утврдениот Правилник за Методологија заизработка на планските документи за регионален развој. Во табелата 2 се опфатени програмите за развој на регионите во Северна Македонија кои се однесуваат на активностите поврзани со туризмот со поставените цели и приоритети. Соодветните приоритети

имаат и свои мерки и активности кои се опишани во развојните програми, но не се вклучени во табеларниот приказ. Програмите се преземени од официјалните веб страни на осумте Центри за регионален развој во земјата.

**Табела 2.** Анализа на програмите за развој на регионите во делот на туризмот

| Регион | Цели | Приоритети |
|---|---|---|
| Вардарски регион<br><br>(Програма за развој на Вардарски регион 2021-2026)<br><br>vardarregion.gov.mk | Унапредување на инфраструктурата во регионот<br><br>(Стратешка цел 1 од 5)<br><br>Унапредување на економскиот развој во регионот<br><br>(Стратешка цел 2 од 5) | 1.5. Подобрување на инфраструктурата поврзана со туризмот (7 мерки)<br><br>2.3. Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот (12 мерки) |
| Источен регион<br><br>(Програма за развој на Источен регион<br><br>2021-2026)<br><br>eastregion.mk | Зацврстување на Источен планскирегион какоатрактивна туристичка дестинација (Стратешка цел 5 од 5) | 5.1. Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот (7 мерки)<br><br>5.2. Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот<br><br>(6 мерки)<br><br>5.3. Создавање и промоција на интегрирана регионалнатуристичка понуда (4 мерки) |
| Југозападен регион<br><br>(Програма за развој на Југозападен регион 2021-2026)<br><br>southwestregion.mk | Унапредениот туризам,<br><br>природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето наобновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој<br><br>(Стратешка цел 3 од 3) | 3.1. Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети (5 мерки)<br><br>3.2. Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот(4 мерки)<br><br>3.3. Поттикнување и развој на алтернативни форми на туристички активностии услуги(5 мерки)<br><br>3.4. Подобрување на управувањето со туристичките дестинации(5 мерки) |

| | | |
|---|---|---|
| Југоисточен регион<br><br>(Програма за развој на Југоисточен регион 2021-2026)<br><br>southeast.mk | Развивање на претприемништвото и индустријата,<br><br>поттикнување на конкурентноста и иновативноста на претпријатијата и<br><br>создавање поволна инвестициска клима (Стратешка цел 1 од 5) | 1.3. Развој и промоција на регионот како атрактивна туристичката дестинација (5 мерки) |
| Пелагониски регион<br><br>(Програма за развој на Пелагониски регион 2021-2026) pelagonijaregion.mk | Поттикнување на инклузивенрамномеренекономскиразвој<br><br>(Стратешка цел 1 од 5) | 1.4. Развој на посакувана и конкурентна дестинација за туризам (6 мерки) |
| Полошки регион<br><br>(Програма за развој на Полошки регион<br><br>2021-2026)<br><br>rdcpolog.mk | Поттикнување на економски развој преку функционални екосистеми за бизнис и иновации<br><br>(Стратешка цел 1 од 3) | 1.2. Поддршка на руралниот туризам, руралниот развој и одржливо и конкурентно земјоделство (20 мерки) |
| Североисточен регион<br><br>(Програма за развој на Североисточен регион 2021-2026)<br><br>northeastregion.gov.mk | Унапредување на земјоделието, рурален развој и туризам (Стратешка цел 4 од 4) | 4.2. Развој на руралниот и алтернативен туризам (9 мерки) |
| Скопски регион<br><br>(Програма за развој на Скопски регион<br><br>2015-2019)<br><br>skopjeregion.gov.mk | Одржливо користење на природното и културното наследство, во функција на туризмот<br><br>(Стратешка цел 4 од 4) | 1. Зајакнување на капацитетите и партнерствата во функција на искористување на природното и културното наследство со цел развој на туризмот (5 мерки)<br><br>2. Подобрување на туристичката инфраструктура (6 мерки)<br><br>3. Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда (3 мерки) |

**Извор:** Официјални веб страни на Центрите за регионален развој.

Од табелата погоре може да забележиме, дека сите региони во своите програми за развој го опфаќаат туризмот. Според критериумот туризам како стратешка цел во развојната програма, регионите во земјата можеме да ги поделиме на две основни групи:

- региони за кои туризмот е стратешка цел на развојот и
- региони за кои туризмот не претставува стратешка цел во развојот.

Првата група региониза кои туризмот е стратешка цел на развојот ја сочинуваат: Југозападен регион, Скопски регион, Источен регион и Североисточен регион. Југозападниот регион во развојната програма има вклучено четири приоритети поврзани со туризмот со 19 мерки, Скопскиот регион има 3 приоритети со 14 мерки, Источниот регион има 3 приоритети со 17 мерки, а Североисточниот регион еден приоритет со 9 мерки.

Втората група региониза кои туризмот не претставува стратешка цел на развојот ја сочинуваат: Југоисточен регион, Полошки регион, Пелагониски регион и Вардарски регион. Југоисточниот регион во развојната програма има вклучено еден приоритет поврзан со туризмот со 5 мерки, Полошкиот регион има еден приоритет со 20 мерки, Пелагонискиот регион има еден приоритет со 6 мерки, а Вардарскиот регион има два приоритети со 19 мерки.

Покрај програмите за развој на регионите, различни региони имаат усвоено стратегии за развој на туризмот, како што е тоа пример со Вардарскиот регион (Регионална програма заинклузивен туризам на Вардарски плански регион2021-2024) и Источен регион (Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион со Акционен план 2016-2025). Покрај тоа, на општинско ниво се донесени повеќе стратегии за развој на туризмот во различни региони кои се презентирани на табелата 3.

**Табела 3.** Локални стратегии за развој на туризмот според општини и региони

| **Регион** | **Општина** | **Период на стратегија за развој на туризмот** |
|---|---|---|
| Скопски | Гази Баба | 2017-2021 |
| | Чаир | 2019-2024 |
| | Студеничани | 2020-2024 |
| | Сарај | 2019-2022 |
| | Град Скопје | 2020-2023 |
| Североисточен | Кратово | 2020-2024 |
| | Куманово | 2020-2024 |
| | Крива Паланка | 2020-2025 |
| | Старо Нагоричане | 2019-2023 |

| | | |
|---|---|---|
| Источен | Виница<br>Берово<br>Пехчево | 2020-2024<br>2019-2029<br>2018-2023 |
| Полошки | Тетово<br>Маврово и Ростуше | 2017-2022<br>2019-2028 |
| Југоисточен | Радовиш<br>Гевгелија | 2018-2023<br>2019-2024 |
| Пелагониски | Крушево<br>Ресен | 2020-2025<br>2019-2024 |
| Југозападен | Охрид | 2020-2025 |
| Вардарски | Демир Капија | 2020-2024 |

**Извор:** Официјалните веб страни на општините.

Од табела 3, може да се забележи дека во земјата на локално, односно општинско ниво се изработени 20 стратегии за развој на туризмот. Во Скопскиот регион се изработени 5 стратегии, во Североисточниот регион 4 стратегии, а во Источниот регион 3 стратегии за развој на туризмот. Во Полошкиот, Југоисточниот и Пелагонискиот регион се изработени по 2 стратегии, а во Југозападниот и Вардарскиот регион по една стратегија за развој на туризмот на локално ниво.

Доколку се направи споредба на развојните програми на регионите во периодот 2015-2019 година,[12] може да се забележи, дека сите осум региони како стратешка цел го имале поставено туризмот во своите програми, а Скопскиот регион во своите програми за развој 2015-2019 и 2021-2026 во однос на туризмот има поставено идентична стратешка цел и приоритети.

## РЕГИОНАЛНА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Регионалната статистика поврзана со туризмот во Северна Македонија ни ги покажува следните податоци:најголем број на доаѓања на

12 Metodijeski, D., Andreeva, J., Filiposki, O. (2018) Regional tourism development policy and distribution of hotels inMacedonia. Proceedings of the International scientific and practical conference"Bulgaria of regions 2018", pp.127-137.

домашни туристи во периодот 2019-2020 година бележи Југозападниот регион, а најголем број на странски туристи го посетуваат Скопскиот регион. Најмало учество во остварени доаѓања на туристи бележи Североисточниот регион.

**Табела 4.**Доаѓања на туристи по региони во Северна Македонија (2019-2020)

| Регион | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | Домаш. | Стран. | Вк. | Домаш. | Стран. |
| Вардарски | 25136 | 8917 | 16219 | 6845 | 4942 | 1903 |
| Источен | 32077 | 17657 | 14420 | 19213 | 16124 | 3089 |
| Југозападен | 445846 | 194178 | 251668 | 213990 | 191559 | 22431 |
| Југоисточен | 167451 | 96678 | 70773 | 74602 | 58088 | 16514 |
| Пелагониски | 72833 | 42168 | 30665 | 35682 | 31145 | 4537 |
| Полошки | 41994 | 18560 | 23434 | 31061 | 20723 | 10338 |
| Североисточен | 10444 | 2193 | 8251 | 6195 | 4840 | 1355 |
| Скопски | 389182 | 47019 | 342163 | 79926 | 21887 | 58039 |
| ВКУПНО | 1184963 | 427370 | 757593 | 467514 | 349308 | 118206 |

**Извор:**МАКСтат - база на податоци

Намалувањето на бројот на туристи во 2020 година во споредба со 2019 година, се должи на COVID-19 пандемијата која придонесе за пад на меѓународниот туризам во светски рамки.

**Табела 5.**Ноќевања на туристи по региони во Северна Македонија (2019-2020)

| Регион | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | Домаш. | Стран. | Вк. | Домаш. | Стран. |
| Вардарски | 48590 | 24556 | 24034 | 12767 | 8861 | 3906 |
| Источен | 62878 | 34547 | 28331 | 43354 | 34609 | 8745 |
| Југозападен | 1618312 | 946574 | 671738 | 1010119 | 964099 | 46020 |
| Југоисточен | 562422 | 429062 | 133360 | 307942 | 259864 | 48078 |
| Пелагониски | 183520 | 103066 | 80454 | 88463 | 78004 | 10459 |
| Полошки | 84138 | 35513 | 48625 | 61693 | 39851 | 21842 |
| Североисточен | 14214 | 3153 | 11061 | 8861 | 6477 | 2384 |
| Скопски | 688324 | 108156 | 580168 | 164336 | 52840 | 111496 |
| ВКУПНО | 3262398 | 1684627 | 1577771 | 1697535 | 1444605 | 252930 |

**Извор:**МАКСтат - база на податоци

Најголемиот број на ноќевањата во периодот 2019-2020 се остварени во Југозападниот регион, а потоа следува Скопскиот регион. На трето

место според остварени ноќевања се наоѓа Југоисточниот регион, а потоа следуваат Пелагонискиот, Полошкиот, Источниот, Вардарскиот и Североисточниот регион со најмало учество во остварени ноќевања од страна на туристите.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој труд беше направено истражување поврзано со регионалниот развој на туризмот во Северна Македонија. За потребите на трудот беше спроведено експлораторно истражување, кое допринесе за добивање увид во суштината на проблемот со цел подобро да се разбере регионалната политика за развој на туризмот. Во истражувањето беше собирана соодветна и релевантна литература и преку користење на секундарни извори на податоци како годишници од заводот за статистика и програмите за развој на регионите во Северна Македонија беше направена нивна анализа.

Осумте региони во Северна Македонија кои се презентирани во трудот се следните: Вардарски, Источен, Североисточен, Пелагониски, Североисточен, Југозападен, Полошки и Скопски. Овие региони имаат свои специфични карактеристики и природни и културни вредности кои се потенцијал за развој на туризмот. Сите региони имаат изработено програми за развој во кои како дел од стратешките цели се опфаќа туризмот, преку дефинирани приоритети и мерки (активности) во насока на неговиот развој.

Според критериумот туризам како стратешка цел во развојната програма, регионите во земјата можеме да ги поделиме на две основни групи:

- региони за кои туризмот е стратешка цел на развојот и
- региони за кои туризмот не претставува стратешка цел во развојот.

Првата група региониза кои туризмот е стратешка цел на развојот ја сочинуваат: Југозападен регион, Скопски регион, Источен регион и Североисточен регион. Југозападниот регион во развојната програма има вклучено четири приоритети поврзани со туризмот со 19 мерки, Скопскиот регион има 3 приоритети со 14 мерки, Источниот регион има 3 приоритети со 17 мерки, а Североисточниот регион еден приоритет со 9 мерки.

Втората група региониза кои туризмот не претставува стратешка цел на развојот ја сочинуваат: Југоисточен регион, Полошки регион, Пелагониски регион и Вардарски регион. Југоисточниот регион во развојната програма има вклучено еден приоритет поврзан со туризмот со 5 мерки, Полошкиот регион има еден приоритет со 20 мерки, Пелагонискиот регион има еден приоритет со 6 мерки, а Вардарскиот регион има два приоритети со 19 мерки.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Boz, A., Serçek, S. (2016).The Role of Tourism in Regional Development and Its Effects on Economic Development. Proceedings Book of International Turgut Özal Congress on Business Economics and Political Science, pp. 41-47.

Calvero, C., Turner, L. (2020) Regional economic developmentand tourism: A literature reviewto highlight future directions forregional tourism research. Tourism Economics, 26(1), pp. 3-26.

Giaoutzi, M., Nijkamp, P.(2006).Tourism and Regional Development: New Pathways. Surrey:Ashgate Publishing.

Metodijeski, D., Andreeva, J., Filiposki, O. (2018). Regional tourism development policy and distribution of hotels in Macedonia. Proceedings of the International scientific and practical conference “Bulgaria of regions 2018”, pp.127-137.

Pearce, D. (1980) Tourism and regional development: A genetic approach. AnnalsofTourismResearch, 7(1), pp. 69-82.

ДЗС (2020) Регионите во Северна Македонија. Скопје: Државен завод за статистика.

Димитров, Н., Ташков, Н., Методијески, Д. (2015) Водич низ регионите на Македонија. Скопје: Државна агенција за поддршка и промоција на туризмот.

МЖСПП (2004) Просторен план на Република Македонија – Стратегија за просторен развој. Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање.

СВРМ (2007) Закон за рамномерен регионален развој. Службен весник, бр. 63.

СВРМ (2009) Стратегија за регионален развој на Македонија 2009-2019. Службен весник, бр. 119.

СВРМ (2021) Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031. Службен весник, бр. 76.

Центар за развој на Вардарски плански регион (2021) Програма за развој на Вардарски регион 2021-2026. Велес: Центар за развој на Вардарски плански регион.

Центар за развој на Источен плански регион (2021) Програма за развој на Источен регион 2021-2026. Штип: Центар за развој на Источен плански регион.

Центар за развој на Југозападен плански регион (2021) Програма за развој на Југозападен регион 2021-2026. Охрид: Центар за развој на Југозападен плански регион.

Центар за развој на Југоисточен плански регион (2021) Програма за развој на Југоисточен регион 2021-2026. Струмица: Центар за развој на Југоисточен плански регион.

Центар за развој на Пелагониски плански регион (2021) Програма за развој на Пелагониски регион 2021-2026. Битола: Центар за развој на Пелагониски плански регион.

Центар за развој на Полошки плански регион (2021) Програма за развој на Полошки регион 2021-2026. Тетово: Центар за развој на Полошки плански регион.

Центар за развој на Североисточен плански регион (2021) Програма за развој на Североисточен регион 2021-2026. Куманово: Центар за развој на Североисточен плански регион.

Центар за развој на Скопски плански регион (2021) Програма за развој на Скопски регион 2021-2026. Скопје: Центар за развој на Скопски плански регион.